**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФАРМАКОТЕРАПИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р ТРАЈАН БАЛКАНОВ, ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ДАРКОВСКА-СЕРАФИМОВСКА И ПРОФ. Д-Р ЗОРИЦА АРСОВА-САРАФИНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2002-277/9 од 194. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 28.11.2017 година, за изготвување на рецензија за приложениот ракопис „Фармакотерапија“ од авторите проф. д-р Трајан Балканов, доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, наменет за студентите на фармација на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, избрани се рецензентите:

– проф. д-р Бистра Ангеловска, професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Милка Здравковска, професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип како рецензенти го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Понудениот ракопис од проф. д-р Трајан Балканов, доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска со наслов „Фармакотерапија“, како интерен учебник за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, е наменет за предметот *Фармакотерапија* во деветти семестар за студентите на фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови од 2+1+1. Приложениот ракопис на проф. д-р Трајан Балканов, доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска е во согласност со Предметната програма за предметот *Фармакотерапија*, а авторите на почетокот од скриптата ја нудат токму таа Предметна програма според која е елаборирана наставната материја во овој труд. Од понудената Предметна програма и од содржината на учебникот е очигледно дека авторите се придржувале стриктно до наставната програма предвидена за предметот *Фармакотерапија*.

Ракописот на проф. д-р Трајан Балканов, доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска има вкупно 278 страници, А4 формат, и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран интерен учебник во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата содржина учебникот е збогатен со табели и слики, кои во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат наставните единици од областа фармакотерапија како научна дисциплина. Имено, станува збор за учебник што е изработен врз основа на една специфична предметна програма од областа на фармакотерапија, составен од предметните наставници доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска во соработка со проф. д-р Трајан Балканов. Овој учебник има голем придонес, поради тоа што досега не е издаден учебник по фармакотерапија кој би бил наменет само за фармацевти во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа програма. Токму затоа овој интерен учебник по предметот Фармакотерапија од проф. д-р Трајан Балканов, доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица

Арсова-Сарафиновска се јавува како неопходен наставен прирачник што на студентите на фармација во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената материја за најзначајните и најчесто користените лекови (лекови од прв избор) во терапијата на одредени заболувања, во согласност со најновите сознанија и класификации, со особено внимание на лековите наведени во Регистарот на Република Македонија од 2017 година. Дотолку повеќе што при изработката на овој труд авторите консултирале бројни библиографски единици што се однесуваат на современите достигнувања во рамките на оваа проблематика, односно конкретно на фармакотерпијата.

На почетокот е дадена содржината што на студентите ќе им ја олесни ориентацијата во понудениот материјал во учебникот. Веднаш потоа е даден еден сосема кус предговор во кој авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на учебникот, а потоа се нуди деталната Предметна програма по предметот Фармакотерапија со конкретно наведена литература. Материјата, пак, што се презентира во овој интерен учебник е систематизирана во тринаесет теми:

1. Фармакотерапија на невролошки заболувања, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на епилепсија, Паркинсонова болест, Алцхајмерова болест, Хантингтонова болест и мултиплекс склероза;
2. Фармакотерапија на психијатриски заболувања, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на депресивни нарушувања, биполарни нарушувања, шизофренија, анксиозни нарушувања и нарушувања на сонот;
3. Фармакотерапија на кардиоваскуларни заболувања, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на артериска хипертензија, срцеви аритмии, срцева инсуфициенција, ангина пекторис, хиперлипидемија и дислипидемија;
4. Фармакотерапија на заболувања на гастроинтестиналниот систем, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на пептичен улкус, гастроезофагусна рефлуксна болест, улцерозен колитис, Кронова болест, наузеја, повраќање, опстипација и дијареа;
5. Фармакотерапија на заболувања на респираторниот систем, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на синузитис, фарингитис, отитис медиа, алергиски ринитис, бронхијална астма, хронична опструктивна болест на белите дробови, пневмонија и туберкулоза;
6. Во посебен дел е обработен и третманот на болката која е чест симптом што следи многу заболувања, нарушувања и оштетувања на ткивата. Фармакотерапијата на болка ги опфаќа аналгетиците како најзначајни и најчесто користени лекови од прв избор во терапија на болка, како и терапија на главоболка, мигрена и третман на хронични болни состојни со малигна етиологија, следејќи ги притоа препораките на Светската здравствена организација за третман на болка;
7. Фармакотерапија на бубрежни заболувања, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на акутна и хронична бубрежна инсуфициенција и инфекции на уринарниот тракт;
8. Фармакотерапија на ендокрини заболувања и болести на метаболизмот, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на дијабетес мелитус, нарушувања на тиреоидеата, како и хормонските контрацептиви и хормонската супституциона терапија;
9. Фармакотерапија на заболувања на мускулно-скелетниот систем, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на остеопороза, ревматоиден артритис и гихт;
10. Фармакотерапија на кожни болести, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на атописки дерматитис, себороичен дерматитис, уртикарија, розацеа, акни, псоријаза и витилиго;
11. Фармакотерапија на габични инфекции, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на езофагузна, вулвовагинална и кутана кандидијаза и дерматофитози;
12. Фармакотерапија на вирусни инфекции, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на инфекции предизвикани од херпес вирусите и

цитомегаловирусот, терапија на ХИВ инфекции, терапија на грип, како и терапија на вирусниот хепатитис;

13. Хемотерапија на малигни тумори, која ги опфаќа најзначајните и најчесто користените лекови во терапија на малигни тумори, со акцент на цитостатиците.

Како што потенцираат авторите во предговорот, идејата за овој учебник е целата обемна и комплексна материја да им се приближи на студентите на еден едноставен и разбирлив начин, во што и успеале.

Покрај тоа, табелите и сликите кои се составен дел на овој учебник во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на фармакотерапијата како научна дисциплина. Тоа бездруго значи дека проф. д-р Трајан Балканов, доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска во овој учебник мошне умешно ги искомбинирале теориските и практичните основи на фармакотерапијата како научна дисциплина. Покрај ова, на крајот од учебникот во делот Литература се нудат поголем број референци што се користени при изработка на овој учебник. Истовремено претставува и дополнителна информација за користената литература за оние студенти што ќе имаат желба да навлезат многу подлабоко во областа на фармакотерапијата. Сосема на крај, во делот Индекс е дадена и табела во која по абецеден ред се наведени сите лекови за кои можат да се најдат информации во овој учебник и страницата каде што истите се опишани. На овој начин студентите можат уште полесо да дојдат до бараните информации за еден конкретен лек.

## З А К Л У Ч О К

При презентирањето на материјата од областа на фармакотерапија авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и сосема прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримаат и да ја разберат суштината на предочената содржина од фармакотерапија. Учебниот претставува значајно дело кое со својата структура и намена е новина, со оглед на тоа што на нашиве простори нема учебник по фармакотерапија кој би бил наменет само за фармацевти. Секако, учебникот е еднакво корисен  и за студентите од другите студиските програми, како и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување, потсетување и надградување на претходно наученото.

Од сето што е погоре предочено може да се заклучи дека трудот со наслов „Фармакотерапија“ од проф. д-р Трајан Балканов, доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска и проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран интерен учебник. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски интерен учебник на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бистра Ангеловска, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска, с.р.**